Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-408/2
__________ година
06-07-2023

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–408/1 од 20.06.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-408/1 од 14.06.2023 година, поднесена од [redacted] од Битола **поради ненадлежност**.

О б р а з л о ж е н и е

Подносителот наведува дека врз него во месец декември 2022 година е извршен преглед од надлежна комисија согласно прописите од пензиското и инвалидското осигурување, по што на фирмата во која е вработен и било предочено дека тој треба да биде распореден на друго работно место, како резултат на негова извесна здравствена состојба и реализирано медицинско лекување и третман. И покрај тоа, работодавачот РЕК Битола иако ја поседувал целата документација во врска со горенаведената здравствена состојба на подносителот, оттогаш па се до моментот на поднесување на претставката, не преземал никакви дејствија за соодветно прераспоредување на подносителот на друго работно место.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација имајќи ги во предвид прописите кои ги регулираат работните односи, посебно членот 178 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021 и 288/2021), но и одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на РМ" бр. 92/2007; 98/2010; 93/2011; 136/2011; 60/2012; 23/2013; 25/2013; 137/2013; 164/2013; 158/2014; 15/2015; 129/2015; 192/2015; 30/2016; 27/2018; 231/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 18/2020), утврди дека се работи за повреда на права од работен однос во врска со услови за работа, односно соодветни мерки за заштита на работникот од утврдени ризици за конкретното работно место. Оттука, Комисијата одлучи дека за таквата наводна повреда се предвидени други постапки за заштита во согласност со прописите кои ги уредуваат работните односи. Имено, согласно член 256 став 1 од Законот за работните односи *надзор над примената на овој закон, прописите за вработувањето и другите прописи од областа на трудот,*

*колективните договори и договорите за работа со кои се уредуваат правата и обврските на работникот и работодавачот од работниот однос и други договори со кој е определен надоместок за извршената работа во износ повисок од износот на минимална плата утврдена со закон, врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на инспекцијата на трудот.* Согласно член 48 од Законот за безбедност и здравје при работа, *надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон го врши министерството надлежно за работите од областа на трудот, а инспекцискиот надзор во областа на безбедноста и здравјето при работа го врши Државниот инспекторат за труд според овој закон и Законот за инспекцијата на трудот.* Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на Комисијата